**ОПШТИ УСЛОВИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ ЗА ДВИЖЕН ИМОТ (ОУ-ФЛ/ФЛ-23/2)**

Овие општи услови претставуваат составен дел на Договорот за финансиски лизинг и заедно со посебниот дел и амортизациониот план го сочинуваат Договорот за финансиски лизинг (во понатамошниот текст: Договор) склучен помеѓу Давателот на лизинг и Корисникот на лизинг.

**1. ЗНАЧЕЊЕ НА ПОИМИТЕ**

Доколку не е поинаку одредено во текстот на посебниот дел, општите услови, амортизациониот план и другите прилози кои се составен дел на Договорот, поимите употребени во текстот на Договорот го имаат следното значење:

1.1 **Финансиски лизинг** е оној лизинг со кој се пренесуваат сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на еден предмет, било да е тој подвижен или недвижен, при што со истекот на определен временски период сопственоста може, но не мора да биде пренесена.

1.2 **Давател на лизинг –** Друштво за лизинг НЛБ Леасе&Го ДОО Скопје, регистрирано друштво за вршење услуги на финансиски лизинг**.**

1.3 **Корисник на лизинг** е физичко лице кое го прима предметот на лизинг за употреба според Договорот за лизинг (во понатамошниот текст: Корисник).

1.4 **Гарант-платец** е правно или физичко лице кое солидарно се обврзува спрема Давателот на лизинг дека ќе ги исполни сите доспеани, а неплатени обврски на Корисникот на лизинг согласно Договорот.

1.5 **Предмет на лизинг**- возило, опрема за технолошки или производствен процес, уред, машина и друг подвижен предмет кој може да биде предмет на лизинг и му се дава на користење на Корисникот на лизинг.

1.6 **Договор за финансиски лизинг** е Договор во писмена форма склучен меѓу Давателот на лизинг и Корисникот на лизинг, со кој Давателот на лизинг го дава предметот на користење на Корисникот, под услови наведени во Договорот за определен временски период. Договорот за финансиски лизинг со сочинуваат Општите услови, Посебниот дел и Амортизациониот план.

1.7 **Продавач-Добавувач** е физичко или правно лице регистрирано за вршење производство, трговија и/или сервисирање на предметот на лизинг кое го продава или на друг начин го обезбедува предметот на лизинг на давателот на лизинг.

1.8 **Производител** - е фичко или правно лице кое изготвува готови производи или составни делови за добивање на основни производи или лице кое преку фирмата и својата ознака на производот се претставува како производител. За производител се смета и увозникот на производот.

1.9 **Финансиран износ** е вкупниот износ со кој Давателот на лизинг го финансира Корисникот на лизинг и кој износ е изразен во амортизациониот план.

1.10 **Учество** е паричен износ со кој Корисникот на лизинг учествува при склучување на Договорот за финансиски лизинг, со кој се намалува основицата за пресметаниот надомест за лизинг и не се враќа на Корисникот на лизинг во случај на раскинување на Договорот за финансиски лизинг.

1.11 **Рата за лизинг** е плаќање во висина, на начин и во рокови утврдени во Договорот.

1.12 **Побарување** – значи секое побарување на Давателот на лизинг кое произлегува од Договорот, а кое Корисникот на лизинг е должен да го намири односно да го исполни на начин, во рокови и износи согласно овој Договор. Побарувањата на Давателот на лизинг вклучуваат: побарувања по основ на главен долг (достасан и недостасан), надомест за лизинг, договорна камата, законска казнена камата, договорни казни, парични казни, глоби, адвокатски, нотарски, судски и извршни трошоци и сите други видови на трошоци вклучувајќи и трошоци за одржување на предметот на лизинг, побарувања по основ на надомест на штета во врска со предметот на лизинг кои се наведени во текстот на Општите услови на Договорот, премии кои не се надоместени во целост од друштвото за осигурување, побарувања по основ на осигурување на предметот на лизинг кои не се надоместени на Давателот на лизинг, евентуално утврдените разлики помеѓу книговодствената вредност утврдена на денот на раскинување на Договорот и проценетата вредност на предметот на лизинг утврдена од страна на овластен проценител определен од страна на Давателот на лизинг на денот на раскинување на Договорот, како и сите останати побарувања кои се наведени во одредбите од овој Договор.

1.13 **Записник за примопредавање** е документ потпишан од Добавувачот, Корисникот на лизинг и Давателот на лизинг односно документ потпишан од страна на Добавувачот и Корисникот на лизинг (врз основа на уредно полномошно дадено од страна на Давателот на лизинг за прием на Предметот на лизинг директно од страна на Корисникот на лизинг), со кој се потврдува дека предметот на лизинг е предаден од страна на Добавувачот на Корисникот на лизинг**.**

1.14 **Амортизационен план** е План за плаќање кој ги прикажува износите што се должат и периодите и условите за нивно плаќање, преглед на плаќањето на главницата и надоместокот за лизинг и други трошоци.

1.15 **Тарифник** е секогаш важечкиот ценовник на Давателот на лизинг во кој се изразени износите

(цените) по кои Давателот на лизинг ќе ги наплаќа своите услуги и кој е јавно достапен во неговите деловни простории или на неговата web страна.

1.16 **Ефективна каматна стапка (ЕКС)** е стапка изразена во проценти, која ја изразува врската помеѓу вкупните трошоци на лизинг и вкупниот износ на лизингот.

1.17 **Индекс на референтна камата** е променлива меѓубанкарска каматна стапка по која репрезентативните банки од еврозоната меѓусебно си нудат депозити во евра за одреден период кој може да биде еден, три или шест месеци или една година, или се објавува на web страната на Европската Централна Банка (ЕЦБ). Индексот на референтната камата се утврдува на датумот на подготовка на понудата.

1.18 **Надомест за лизинг** е обврската за плаќање од страна на Корисникот на лизинг кон Давателот на лизинг која настанува со приемот на предметот на лизинг, а се однесува за користењето на предметот на лизинг и која врз основа на договорот за лизинг станува апсолутна и неотповиклива.

1.19 **Интеркаларен надомест за лизинг** е надомест кој се наплаќа од моментот на исплатата на финансискиот лизинг до моментот на доспевањето на првата рата од амортизациониот план, а се пресметува со иста стапка како договорната камата.

1.20 **ЕММИ** значи Европски Институт за пазар на пари или орган што би го заменил.

1.21 **ЕУРИБОР** е меѓубанкарска референтна каматна стапка по која првокласните банки во рамките на Европската монетарна унија се подготвени да дадат депозит во евра на друга првокласна банка за одреден период, што е еднаков на договорениот рок на камата. Истата ја пресметува Европскиот институт за пазари на пари (или друго лице кое би ја презело пресметката на референтната каматна стапка), а секој пат го објавуваат давателите на услуги овластени за оваа намена.

1.22 **Заменска референтна каматна стапка**- е каматна стапка што (вклучувајќи ги зголемувањата или корекциите според прилагодувањата на каматни стапки, доколку е утврдено) како замена за ЕУРИБОР се утврдува, предлага или препорачува и јавно објавува од:
а)Работната група за неризични каматни стапки во евро (формирана од Европската централна банка (ЕЦБ), Агенцијата за финансиски услуги и пазари (FSMA), Европски надзорен орган за хартии од вредност и пазари на капитал (ESMA) и Европската комисија или
б)ЕММИ како управител на каматната стапка на ЕУРИБОР или
в)кој било орган за референтна каматна стапка.

1.23 **Прилагодување на каматните стапки** значи дека, во случај на неусогласеност на референтната каматна стапка, каматната стапка ќе се корегира во согласност со изменетиот метод на пресметка на која било корекција официјално утврдена, предложена, препорачана и јавно објавена од надлежниот орган за референтни каматни стапки поради намалување или елиминација на каков било трансфер на економска корист помеѓу страните, како последица на воведувањето на заменската референтна каматна стапка.

1.24 **Надлежен орган за референтни каматни стапки** е кој било од наведените органи, кој дејствува самостојно или заеднички:
а)EMMI како управител на референтната каматна стапка ЕУРИБОР или
б)надлежниот орган кој, во согласност со Регулативата за референтни вредности, е одговорен за надзор врз EMMI како управител на референтната каматна стапка на ЕУРИБОР,
в)Европската Централна банка (ЕЦБ),
г)Европската Комисија или
д)кој било поединец и/или група централни банки, регулаторни или надзорни органи со соодветни надлежности или која било група или одбор спонзорирани, раководени или основани на барање на кој било таков орган или Одбор за финансиска стабилност.

1.25. **ЗСППФТ** го означува важечкиот Закон за спречување перење пари и финансирање тероризам.

## 2. ПРЕДМЕТ НА ЛИЗИНГ

**2.1** За целото времетраење на Договорот за лизинг единствен сопственик на предметот на лизинг е Давателот на лизинг, а Корисникот на лизинг е само корисник и непосреден владетел на предметот на лизинг. Корисникот на лизинг не стекнува право на сопственост врз Предметот на лизинг, туку само право на користење со обврска за подмирување на надоместот за лизинг и останатите давачки во согласност со Договорот за финансиски лизинг, односно можност за стекнување со сопственост врз Предметот на лизинг по уредно подмирување на сите обврски од Договорот.

**2.2** Корисникот на лизинг потврдува дека сам го избрал предметот на лизинг, детално опишан во Посебниот дел на Договорот, т.е. дека ги утврдил сите карактеристики на предметот на лизинг вклучувајќи ја и цената, рокот и начинот на испорака на предметот на лизинг, како и дека истиот не е оптоварен со никакво право на трети лица кои на било кој начин би го намалиле или ограничиле правото на сопственост на Давателот на лизинг кој по барање на Корисникот на лизинг склучил договор за купопродажба на Предметот на лизинг со Продавачот.

**2.3** Корисникот на лизинг потврдува дека сам го избрал Продавачот/Добавувачот и дека утврдил дека истиот е способен да ги исполни своите обврски во продажбата и испораката на Предметот на лизинг односно дека е способен

да го пренесе правото на сопственост над истиот на Давателот на лизинг.

**2.4** Давателот на лизингот не учествува во изборот на Предметот на лизинг, ниту во изборот на Добавувачот, а според тоа истиот не превзема никаква одговорност за исполнување на обврските од страна на Добавувачот. Корисникот на лизинг, пак, солидарно со Добавувачот му одговара на Давателот на лизинг за целокупната штета која евентуално би настанала како резултат на целосно неизвршена или неуредно извршена обврска од страна на Продавачот/Добавувачот во врска со прибавувањето и испораката на Предметот на лизинг.

**2.5** Во случај Давателот на лизинг на основа на понуда/профактура од Продавачот/Добавувачот да изврши авансна уплата од 100% од износот на финансирање пред испораката, а притоа не дојде до истата од страна на Продавачот/Добавувачот во рок од 15 дена од договорениот рок, Корисникот на лизинг е изречно согласен дека давателот на лизинг има право на наплатата на вака уплатениот аванс да се изврши по пат на активирање на предадените инструменти за обезбедување на плаќањето.

**2.6** Давателот на лизинг е ослободен од одговорност кон Корисникот на лизинг за обврските на Продавачот кои произлегуваат од фактурата или од договорот за купопродажба во врска со предметот на лизинг (квалитетот на предметот на лизинг, исправноста на работењето, како и за неговото навремено доставување до Корисникот на лизинг или Давателот на лизинг, замена или поправка на дефект или инсталирање на предметот на лизинг).

**2.7** Обврските кон Продавачот кои произлегуваат од фактурата или од договорот за купопродажба во врска со предметот на лизинг, директно се однесуваат на Корисникот на лизинг за кого се обврзувачки.

## 3. ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ЛИЗИНГ

**3.1** Пред преземање на предметот на лизинг, Корисникот на лизинг е должен да ги уплати учеството и трошоците за обработка на Договорот и останатите трошоци од прифатената понуда од негова страна, како и да достави доказ на Давателот на лизинг дека склучил договор / полиса за осигурување, согласно договорениот обем на осигурување со овој Договор, а прифатлива за Давателот на лизинг.

**3.2** Корисникот на лизинг се обврзува на сопствен ризик и трошок, да го преземе предметот на лизинг на договореното место и во договореното време.

**3.3** Корисникот на лизинг е должен, пред за го прими Предметот на лизинг да потпише Записник за примопредавање, да провери дали предметот на лизинг кој треба да биде преземен од негова страна ги исполнува договорените услови т.е. да го прегледа на вообичаениот начин и за видливите недостатоци да ги извести Продавачот и Давателот на лизинг без одлагање, инаку го губи правото што му припаѓа по таа основа.

**3.4** Предметот на лизинг ќе биде испорачан на Корисникот на лизинг од страна на Продавачот, за што Корисникот на лизинг, Продавачот и Давателот на лизинг ќе состават и потпишат Записник за примопредавање, во кој ќе се евидентираат евентуалните недостатоци на предметот на лизинг. Притоа, Давателот на лизинг задржува еден примерок од Записникот за примопредавање и еден комплет од клучевите.

**3.5** Во случај Корисникот на лизинг да го презема предметот на лизинг без присуство на Давателот на лизинг, а со однапред прибавено овластување за потпишување на Записникот за примопредавање од Давателот на лизинг, Корисникот на лизинг е должен, веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по потпишувањето на Записникот за примопредавање, да му предаде на Давателот на лизинг еден примерок од Записникот за примопредавање заедно со еден комплет од клучевите од предметот на лизинг.

**3.6** Корисникот на лизинг и Продавачот во моментот на примопредавањето на предметот на лизинг, ќе состават Записник за примопредавање со опис на сите евентуални недостатоци на предметот на лизинг. Пред и после потпишувањето на Записникот за примопредавање исклучена е одговорноста за материјални недостатоци од страна на Давателот на лизинг. Со потпишувањето на Записникот за примопредавање, на Корисникот на лизинг преминуваат сите законски права во однос на материјалните недостатоци на предметот кон производителот или Продавачот на предметот на лизинг. За сите материјални недостатоци на предметот на лизинг одговара единствено Продавачот или Производителот на предметот на лизинг, па согласно ова, сите барања кои се однесуваат на недостатоците на предметот на лизинг, Корисникот на лизинг ќе ги упатува директно кон Продавачот или Производителот.

**3.7** Корисникот на лизинг е должен веднаш, без одлагање, по писмен пат да го извести Давателот на лизинг доколку Продавачот не го испорачал предметот на лизинг во рамки на договорениот рок на испорака или пак дека предметот на лизинг има материјални недостатоци, односно предметот на лизинг не е согласно договорениот опис (карактеристики) од посебниот дел на Договорот, како и согласно карактеристиките на предметот на лизинг дадени во претходна понуда од страна на Продавачот, а прифатени од страна на Корисникот на лизинг, од кои причини

Корисникот на лизинг одбил да го превземе предметот на лизинг.

**3.8** Корисникот на лизинг ќе му остави дополнителен примерен рок на Продавачот од 15 дена да го испорача предметот на лизинг согласно договорените карактеристики, односно да го испорача предметот на лизинг без материјални недостатоци.

**3.9** Корисникот на лизинг е должен по истек на дополнителниот примерен рок од точка 3.8 писмено да го извести Давателот на лизинг дека Продавачот ниту во дополнителниот рок не испорачал уреден предмет на лизинг.

**3.10** Кога по приемот на предметот на лизинг од страна на Корисникот на лизинг ќе се покаже дека предметот на лизинг има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на предметот на лизинг (скриен недостаток), Корисникот на лизинг е должен, под закана на губење на правото, за тој недостаток да ги извести Продавачот и Давателот на лизинг без одлагање.

**3.11** Корисникот на лизинг е должен писмено да го извести Давателот на лизинг кое законско право ќе го користи спрема Продавачот, во случај на неиспорака, ненавремена испорака, односно испорака со материјални недостатоци и тоа пред користење на предметното право.

**3.12** Доколку Корисникот на лизинг го раскине Договорот поради неиспорака на предметот на лизинг, односно поради материјални недостатоци, истиот има право да бара обесштетување исклучиво од Продавачот.

**3.13** Доколку Корисникот на лизинг и покрај неиспорака, ненавремена испорака, испорака со материјални недостатоци на предметот на лизинг сепак потпише Записник за примопредавање на предметот на лизинг, во таков случај ги губи законските права за приговор и раскинување на овој Договор, согласно Законот за облигационите односи.

**3.14** Со примопредавањето на предметот на лизинг, врз Корисникот на лизинг преминуваат сите законски права да бара отстранување на материјалните недостатоци на предметот на лизинг од Производителот на предметот на лизинг, односно од Продавачот, како и ризикот од случајно пропаѓање и оштетување на предметот на лизинг. Корисникот на лизинг е должен да ги почитува сите напатствија и обврски дадени во Условите за гаранцијата на Предметот на лизинг, а во спротивно е должен да му ја надомести целата штета на Давателот на лизинг која би настанала од непочитувањето на Условите за гаранцијата.

## 4. УПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЛИЗИНГ ВО ПОСЕБНИОТ РЕГИСТАР ВО ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР на Р. Северна Македонија

**4.1** Барањето за упис, промена и бришење на предметот на лизинг во посебниот регистар во Централниот регистар на Р. Северна Македонија ќе го поднесува Давателот на лизинг или нотарот кој ќе го заверува, односно солемнизира (потврдува) Договорот.

## 5. РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРЕДМЕТОТ НА ЛИЗИНГ

**5.1** Сите трошоци во врска со технички преглед и регистрација на предметот на лизинг, за целото времетраење на Договорот ќе ги сноси Корисникот на лизинг.

**5.2** Корисникот на лизинг е должен најмалку 15 дена пред истекот на рокот на важење на регистрација на предметот на лизинг, да побара од Давателот на лизинг посебно полномошно за технички преглед, регистрација на предмет на лизинг и останати потребни дејствија во врска со истото.

**5.3** Давателот на лизинг има право да не го даде полномошното од точка 5.2 доколку Корисникот на лизинг не ги платил доспеаните лизинг месечни плаќања/рати и/или останатите парични обврски согласно Договорот и доколку не ги платил обврските по основ на осигурување на возилото и достава на нови соодветни полиси за осигурување на предметот на лизинг.

**5.4** Предметот на лизинг се регистрира на име на Давателот на лизинг како сопственик на предметот на лизинг.

## 6. УПОТРЕБА НА ПРЕДМЕТОТ НА ЛИЗИНГ

**6.1** Согласно Договорот, Давателот на лизинг на Корисникот на лизинг му го пренесува правото на користење на предметот на лизинг во текот на целиот период на времетраењето на Договорот, под услов Корисникот на лизинг да ги исполнува обврските согласно Договорот и важечките прописи во Република Северна Македонија. Корисникот на лизинг, предметот на лизинг ќе го користи само во рамките на вообичаената употреба, со потребното внимание на добар домаќин / стопанственик / стручњак и согласно упатствата и гаранциските услови на производителот односно Продавачот/ Добавувачот.

**6.2** Корисникот на лизинг на свој трошок и на свој ризик ќе ги превземе сите работи и мерки за уредна монтажа и ставање во погон на Предметот на лизинг, односно се обврзува истиот да го превземе на договорено место и во договорено време. Трошоците за превоз на Предметот на лизинг и осигурувањето на превозот од почетокот како и во текот на времетраењето на Договорот, се на терет и ги сноси Корисникот на лизинг.

**6.3** Во текот на времетраењето на овој Договор, Корисникот на лизинг е должен да ги поседува сите потребни дозволи, одобренија, договори за употреба на предметот на лизинг согласно важечките прописи на Република Северна Македонија и под полна морална, материјална и кривична одговорност се обврзува на таквото постапување.

**6.4** Корисникот на лизинг се обврзува со Предметот на лизинг да работат само за тоа стручно оспособени личности, а самиот тој одговара за сите повреди на закони и други прописи кои се однесуваат на користењето на Предметот на лизинг со што пак ги превзема на себе одговорноста за сите санкции и други штетни последици кои би настанале како последица на непридржување на наведеното.

**6.5** За времетраење на Договорот, Корисникот на лизинг не смее да го отуѓи или оптовари предметот на лизинг.

**6.6** Корисникот на лизинг не смее да го даде Предметот на лизинг во подзакуп или подзаем без согласност на Давателот на лизинг. Во случај на дадена согласност од страна на Давателот на лизинг, Корисникот на лизинг гарантира и се обврзува дека Предметот на лизинг нема да го дава на користење на лица кои ги немаат обезбедено со закон пропишаните сите дозволи како и дека со Предметот на лизинг ќе управуваат соодветно остручени и образувани лица. Договорните обврски и во случај на користење на предметот од трети лица, се обврска на Корисникот на лизинг.

**6.7** Во случај на прекршување на одредбите од точките 6.2, 6.3, 6.4, 6.5, и 6.6 од страна на Корисникот на лизинг, Давателот на лизинг има право еднострано да го раскине Договорот.

**6.8** Доколку Корисникот на лизинг од било каква причина воопшто не може да го користи или само делумно може да го користи Предметот на лизинг, истиот не е ослободен од уредно плаќање на вкупниот надомест на лизинг како и сите останати трошоци, посебни надоместоци и издатоци предвидени со Договорот.

**6.9** Корисникот на лизинг нема право да го користи предметот на лизинг за следните намени – возило за такси услуги, услуги за обезбедување, за училишни превозни активности, за трки и/ или посебни интервенции, како и нема право да го користи предметот на лизинг – опрема, машина уред и слично за потреби надвор од дејноста/намената за која е даден предметот на лизинг, без претходна писмена согласност од Давателот на лизинг.

**6.10** Корисникот на лизинг е должен без одлагање да го извести Давателот на лизинг кога дејствија на трети лица се насочени кон исклучување, намалување или ограничување на правото на сопственост врз предметот на лизинг (пример: одземање, запленување на предметот на лизинг од страна на трети лица). Покрај известувањето, Корисникот на лизинг е овластен и должен на свој трошок да ги преземе сите дејствија и мерки за заштита на правото на сопственост на Давателот на лизинг.

**6.11** Корисникот на лизинг е должен на свој трошок да ги преземе сите потребни мерки и работи за предметот на лизинг да не стане припадок на други ствари или нивни составен и неодвоив дел, односно како би го заштитил правото на сопственост на Давателот на лизинг над истото, а во спротивно е должен на Давателот на лизинг да му ја надомести целата штета која ја трпи поради тоа.

**6.12** Корисникот на лизинг нема право на задржување (ретенција) над предметот на лизинг, независно од видот и основот на евентуалното побарување кое би го имал спрема Давателот на лизинг.

**6.13** Корисникот на лизинг е обврзан за времетраењето на Договорот да го прикажува предметот на лизинг одвоено од својот имот и да го означува како сопственост на Давателот на лизинг согласно прописите кои во книговодството/сметководството и даночното право се применуваат за финансиски лизинг.

**6.14** Во случај Корисникот на лизинг да сака да направи измени на предметот на лизинг, од било кој вид, во тек на времетраењето на овој Договор, Корисникот на лизинг има обврска да побара претходна писмена согласност од Давателот на лизинг, а Давателот на лизинг има право, во својство на сопственик, да не ги одобри таквите измени. Во случај Давателот на лизинг да ги одобри измените, трошоците за измените на предметот на лизинг се на товар на Корисникот на лизинг, а притоа има обврска на Давателот на лизинг да му ги достави сите средства за деблокада заради можност за користење на подвижниот Објект на лизинг (на пример- возило).

**6.15** Корисникот на лизинг е должен да го одржува, проверува, тестира, поправа или да обезбеди одржување, проверка, тестирање или поправка на предметот на лизинг, на негов трошок, со почитување на упатството за одржување и користење од страна на Производителот на предметот на лизинг. Сите работи за одржување и поправки на предметот на лизинг ќе се извршуваат единствено во овластени сервиси на Производителот, односно на Продавачот на предметот на лизинг во текот на гарантниот период, а по истек на гарантниот рок, тие можат да се обавуваат и во сервисни центри прифатливи за Давателот на лизинг. За квалитетот на услугите и евентуалните штетни последици од сервисите избрани од страна на Корисникот на лизинг, Давателот на лизинг не сноси никаква одговорност, а сите непредвидени трошоци и штети се на товар на Корисникот.

**6.16** Корисникот на лизинг е должен да го сервисира и одржува предметот на лизинг и по истекот на важноста на гаранцијата заради негова исправност и функционалност. Корисникот на лизинг може да го обавува одржувањето на предметот на лизинг во сервис кој што самиот го избрал и со тоа е согласен дека самиот го превзема ризикот и евентуалните недостатоци како и штети кои би настанале од несоодветното одржување и сервисирање за што Давателот на лизинг не сноси никаква одговорност. За секоја евентуална штета која би настанала од

одржување на предметот на лизинг кај неовластени сервисери, Корисникот на лизинг е должен да му ја надомести на Давателот на лизинг во целост.

**6.17** Давателот на лизинг не е одговорен за штетите кои настанале поради незаконито користење на предметот на лизинг од страна на Корисникот на лизинг, а кои имаат за последица смрт, телесна повреда, нарушување на здравје, оштетување на имот на трети лица. Доколку Давателот на лизинг поради таквите штети, како сопственик на предметот на лизинг, биде задолжен да исплати оштетно побарување на трети лица или парична казна согласно одлука на надлежен орган, Корисникот на лизинг е должен на Давателот на лизинг во целост да му го надомести така исплатениот износ, зголемен за евентуални трошоци во врска со водење на постапките (адвокатски, трошоци за водење постапки пред надлежни органи), како и евентуална законска казнена камата на исплатениот износ од страна на Давателот на лизинг.

**6.18** Корисникот на лизинг презема обврска да му овозможи на Давателот на лизинг во секое време да ја провери состојбата на предметот на лизинг, односно да провери дали Корисникот на лизинг ги исполнува обврските од аспект на одржување, употреба, намена, означување и непосегање по интегритетот на предметот на лизинг. Во случај Корисникот на лизинг да не му овозможи проверка на Давателот на лизинг, истото ќе се смета за непочитување на Договорот и основа за раскинување на истиот.

**6.19** Доколку во текот на прегледот на Предметот на лизинг од страна на Давателот на лизинг или од него овластени трети лица се утврди дека Предметот на лизинг не е во уредна состојба која одговара на вообичаено и редовно користење и истиот на било кој начин е оштетен, Давателот на лизинг има право да побара отстранување на оштетувањата преку поправка на терет на Корисникот на лизинг и/или да побара надомест на штета.

**6.20** Корисникот на лизинг е одговорен за користење на предметот на лизинг согласно важечките прописи во Република Северна Македонија и документацијата на производителот на предметот на лизинг. Во таа смисла, Корисникот на лизинг е должен да ја намири секоја парична казна, глоба и трошоци поради сторен прекршок изречена од страна на надлежните органи во Република Северна Македонија. Доколку казната биде платена од Давателот на лизинг, за истата има право на поврат на платените средства од Корисникот на лизинг зголемени за соодветен надомест.

**6.21** Во случај на уништување, оштетување или кражба на предметот на лизинг, Корисникот на лизинг е должен веднаш да го извести Давателот на лизинг.

**6.22** Корисникот на лизинг се обврзува дека за целото времетраење на Договорот, во предметот на лизингот ќе се наоѓа потребната задолжителна опрема и составни делови утврдени со важечките законски прописи на Република Северна Македонија, а која мора да биде исправна и атестирана. Во случај заради недостаток или неисправност на опремата/составните делови се изрече казна на Давателот на лизинг или на одговорно лице на Давателот на лизинг, Корисникот на лизинг се обврзува истата да ја надомести во целост.

**6.23** Во случај на кражба на предметот на лизинг или негови составни делови или сторување на друг вид на кривично дело поврзано со предметот на лизинг, Корисникот на лизинг се обврзува веднаш и без одлагање да ја пријави кражбата/кривичното дело во надлежна единица на Министерството за внатрешни работи и за тоа да го информира Давателот на лизинг.

**6.24** Во случај на исполнување на условите од точка 6.23, Договорот се смета за раскинат во рок од 60 дена, сметано од денот на пријавата на кражбата во надлежна единица на Министерството за внатрешни работи, освен ако во тој рок предметот на лизинг не биде пронајден и вратен на Давателот на лизинг. Давателот на лизинг има право да го засмета месечното плаќање/рата за лизинг за користење на предметот на лизинг до последниот ден во календарскиот месец во кој ќе прими потврда од надлежните власти дека предметот на лизинг е украден, затаен односно сторено е кривично дело во врска со предметот на лизинг.

## 7. МАТИЧНО МЕСТО НА ПРЕДМЕТОТ НА ЛИЗИНГ

**7.1** Матично место на користење на предметот на лизинг е во рамки на територијата на Република Северна Македонија.

**7.2** Кога предмет на лизинг е моторно и/или приклучно возило Корисникот на лизинг може да го користи предметот на лизинг и надвор од територијата на Република Северна Македонија единствено по претходна писмена согласност од Давателот на лизинг и со обезбедување на меѓународна карта за осигурување (зелена карта) за предметот на лизинг. Во случај Корисникот на лизинг да има намера да го користи предметот на лизинг надвор од територијата на Република Северна Македонија, тогаш истиот е должен да го извести Давателот на лизинг за истото и да побара издавање на полномошно. Давателот на лизинг има право да не издаде полномошно во случај Корисникот на лизинг да не приложи меѓународна карта за осигурување (зелена карта) и/ или обврските на Корисникот на лизинг согласно Договорот не се уредно и навремено исполнети и/или по дискреционо убедување на Давателот на лизинг дека издавањето на таквото полномошно може штетно да влијае на Договорот за лизинг.

**7.3** Предметот на лизинг не смее да се користи во подрачја кои не се опфатени со обебзеденото осигурување на истиот кај Осигурителната компанија каде е осигуран Предметот на лизинг. Доколку станува збор за пловен објект како предмет на лизинг, за истиот, Давателот на лизинг треба да ги има обезбедено сите дозволи и лиценци за управување на истото како и пловидба само на регистрирано подрачје територијални води на Р. Северна Македонија.

## 8. ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ЛИЗИНГ

**8.1** Кога предмет на финансиски лизинг е моторно возило, за целото времетраење на Договорот, до враќање на владението на предметот на финансиски лизинг, истиот мора да биде осигуран со задолжително осигурување, осигурување од автомобилска одговорност согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, како и каско осигурување (со франшиза прифатлива за Давателот на лизинг) кое ќе ги покрива ризиците од несреќа, кражба и затајување.

**8.2** Кога предмет на лизинг е опрема, уред машина или друг подвижен предмет кој не е возило, за целото времетраење на Договорот, предметот на лизинг мора да биде осигуран од ризик од пожар и удар од гром, кршење, експлозија, освен нуклеарна енергија, излевање на вода од водоводна и канализациона инсталација/мрежа, луња, град, удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во градежени објекти, паѓање на воздушни летала, манифестација и демонстрација, како и осигурителна заштита од ризикот од нанесување материјална штета при извршување или обид за извршување на провална кражба и разбојништво, како и вандализам во текот на извршување на провална кражба.

**8.3** Правото на избор на осигурителното друштво, со кое ќе склучи договор за осигурување од точка 8.1 и 8.2 е на Корисникот на лизинг, а Давателот на лизинг може да препорача осигурително друштво со кое соработува и да ги презентира условите за осигурување на предметот на лизинг во истото, но задолжително конечниот избор да биде прифатлив за Давателот на лизинг.

**8.4** Корисникот на лизинг е должен да достави до Давателот на лизинг копија од полисите од точка 8.1 и точка 8.2. најдоцна 15 дена пред истекот на важечката полиса.

**8.5** За времетраење на Договорот, осигуреник во договорите за осигурување е Давателот на лизинг, а Корисникот на лизинг е договарач на осигурувањето.

**8.6** Осигурителните покритија наведени во точка 8.1 и точка 8.2 се задолжителни за времетраењето на Договорот. Корисникот на лизинг може на свој трошок да го зголеми обемот на осигурување, односно да опфати и други ризици од кои ќе биде осигуран предметот на лизинг.

**8.7** Сите премии на осигурување, трошоци и други давачки поврзани со договорите за осигурување од точка 8.1 и точка 8.2 во целост ќе ги сноси Корисникот на лизинг.

**8.8** Корисникот на лизинг е должен уредно да ги плаќа премиите за осигурување на предметот на лизинг за целото времетраење на Договорот.

**8.9** За времетраење на Договорот, Корисникот на лизинг може да изврши промена на осигурителното друштво, но истото мора да биде прифатливо за Давателот на лизинг и со негова согласност. Доколку договорот е склучен со акциски услови или бесплатна полиса (АО, Каско, имотна или некоја друга), Корисникот на лизинг се обврзува дека за цело времетраење на договорот нема да го промени осигурителното друштво, а во случај на непродолжување на полисата во истото осигурително друштво, должен е да ја врати во полн износ премијата на Давателот на лизинг.

**8.10** Корисникот на лизинг со обезбедување на осигурителната полиса потврдува дека му се познати условите на осигурувањето од осигурителното друштво кај кое е осигуран предметот на лизинг.

**8.11** Употребата на Предметот на лизинг во подрачја надвор од оние кои се покриени со договорениот ризик по договорот за осигурување не е дозволено без писмена согласност на Давателот на лизинг, а за која согласност истиот може да побара од Корисникот на лизинг дополнителни гаранции.

**8.12** Доколку Корисникот на лизинг пропушти да го осигура предметот на лизинг, не ги исполнува своите обврски по договорите за осигурување од точка 8.1 и точка 8.2, Давателот на лизинг е овластен да ги склучи договорите за осигурување од точка 8.1 и точка 8.2 со осигурително друштво по негов избор, како и наместо Корисникот на лизинг да ги плати пристигнатите, а неплатени премии за осигурување или да исполни други обврски по договорите за осигурување, при што Корисникот на лизинг ќе биде должен да ги надомести трошоците кои настанале за Давателот на лизинг поради таквото постапување и износот за кој е платена премија од страна на Давателот на лизинг ќе претставува побарување кое произлегува од овој Договор, а за која услуга Давателот на лизинг има право на соодветен надомест.

**8.13** Корисникот на лизинг е должен без одлагање да ги извести Давателот на лизинг и осигурителното друштво за евентуално настанатата штета.

**8.14** По настанување на евентуален штетен настан Корисникот на лизинг без одлагање ќе го достави предметот на лизинг во овластен сервис на Производителот, односно Продавачот на предметот на лизинг и/или сервис прифатлив за Давателот на лизинг, а ќе ги превземе и сите дејства во согласност со условите на

осигурителното друштво за постапка за пријава, проценка и исплата на надомест од реализиран настан на осигурен случај.

**8.15** Во случај на делумна штета на предметот на лизинг, Давателот на лизинг се обврзува да му овозможи на Корисникот на лизинг користење на добиениот надомест на штета за доведување на предметот на лизинг во поранешна состојба во сервисот на Производителот, односно Продавачот и/ или во сервис прифатлив за Давателот на лизинг за што истиот ќе даде претходна писмена согласност, освен ако Корисникот на лизинг има доспеани, а неплатени обврски по Договорот. Доколку Корисникот на лизинг има доспеани, а неплатени обврски, Давателот на лизинг од добиениот надомест на штета е овластен да го задржи износот на доспеаните, а ненаплатени побарувања од Корисникот на лизинг по основ на овој Договор.

**8.16** Во случај на потполно уништување (тотална штета) на предметот на лизинг поради настанување на штетен настан што е осигуран, од исплатениот надомест на штета, Давателот на лизинг ќе ги намири: 1) севкупните настанати трошоци по овој Договор, 2) доспеаните, а ненаплатени побарувања на име законска казнена камата и договорна камата по Договорот, 3) доспеаните, а ненаплатени износи на име главен долг по Договорот и 4) севкупните недоспеани побарувања по Договорот. Евентуалниот остаток од износот од исплатата за надомест на штета, Давателот на лизинг ќе го исплати на Корисникот на лизинг. Притоа, Корисникот на лизинг нема право на остатоците од предметот на лизинг (крш), кои се во исклучива сопственост на Давателот на лизинг.

**8.17** Корисникот на лизинг е одговорен за надоместување на севкупната штета на Давателот на лизинг која настанала од ризик за кој предметот на лизинг не е осигуран.

**8.18** Во случај настанатата штета од било која причина да не биде надоместена од страна на осигурително друштво или осигурителното друштво врз основа на условите за осигурување не е должно да исплати осигурување, Корисникот на лизинг се обврзува на Давателот на лизинг да му го исплати вкупниот износ на име надомест на штета и сите дополнителни трошоци, односно на свој трошок да го врати предметот на лизинг во поранешна состојба. Износот на штетата ќе ја процени стручно лице, кое ќе биде одредено од страна на Давателот на лизинг. Корисникот на лизинг се обврзува проценетиот износ на штетата и сите трошоци за проценка на висината на штетата да ги уплати на сметката на Давателот на лизинг во рок од 15 дена од денот на проценка на истата.

**8.19** Во случај на потполно уништување (тотална штета) на предметот на лизинг или губење на владението врз предметот на лизинг поради настанување на штетен настан кој не е осигуран, Корисникот на лизинг должи надомест поради уништување на предметот на лизинг кој е еднаков на збирот од: 1) севкупните настанати трошоци по Договорот, 2) доспеаните, а ненаплатени побарувања на име законска казнена камата и договорна камата по Договорот, 3) доспеаните, а ненаплатени износи на име главен долг и надомест за лизинг по основ на Договорот и 4) севкупните недоспеани побарувања по Договорот, кој износ Корисникот на лизинг е должен да го плати најдоцна во рок од 15 дена од денот на конечната пресметка која ќе му биде доставена од страна на Давателот на лизинг.

**8.20** Давателот на лизинг е единствено овластен да потпишува спогодба за надомест на штета со осигурителното друштво кое ја издало полисата и дава согласност за исплата на штета, а со претходна писмена согласност на Корисникот на лизинг. Со потпишувањето на Спогодба за штета или согласност за исплата на штета не значи дека побарувањето на Давателот на лизинг кон Корисникот на лизинг е целосно намирено.

**8.21** За времетраење на Договорот, барањата за надомест на штета кои произлегуваат од користењето на предметот на лизинг од трети лица му припаѓаат исклучиво на Давателот на лизинг.

**8.22** Евентуалната разлика помеѓу стварно настанатата штета и исплатениот износ од осигурителното друштво, односно досудениот надомест на штета од страна на надлежен суд паѓа на товар на Корисникот на лизинг. Трошоците за судските, извршните и други постапки, зависно од текот и исходот на постапките, паѓаат на товар на Корисникот на лизинг. Во случај Давателот на лизинг да ги плати трошоците, Корисникот на лизинг е должен истите да му ги надомести на Давателот на лизинг.

**8.23** Во случај на кражба, провала и други слични дејствија за кои може да се претпостави дека настанале како последица на извршување на кривични дела, Корисникот на лизинг се обврзува истите да ги пријави во надлежните органи, а за истите писмено да го извести Давателот на лизинг.

## 9. ФИНАНСИСКИ УСЛОВИ ЗА ЛИЗИНГ

**9.1** За целото времетраење на Договорот, Корисникот на лизинг се обврзува да му плаќа на Давателот на лизинг месечни плаќања/рати кои се состојат од главен долг и надомест за лизинг за користење на предметот на лизинг како и другите надоместоци согласно Договорот за финансиски лизинг.

**9.2** Рокот на пристигнување и износите на месечните плаќања/рати се утврдени со Амортизациониот план, кој е составен дел на Договорот.

**9.3** Месечните плаќања/рати, Корисникот на лизинг ќе ги врши на трансакциската сметка на

Давателот на лизинг наведена во Посебниот дел од Договорот.

**9.4** Договорените износи на месечните рати и другите надоместоци се пресметани во договорена валута, а плаќањата се во денарска противредност според договорениот курс на денот на плаќањето наведен во Посебниот дел на договорот.

**9.5** Договорените месечни рати за лизинг доспеваат секој прв работен ден во месецот согласно амортизациониот план, а за навремено плаќање на истите ќе се смета доколку нивното плаќање биде евидентирано и одобрено на сметката на Давателот на лизинг најдоцна до 8 (осмиот) ден во тековиот месец.

**9.6** За деновите сметани од уплата на износот за финансирање на Продавачот/Добавувачот до првата рата Давателот на лизинг има право да пресмета интеркаларен надомест за лизинг во висина на договорената каматна стапка, зголемена за износот на данокот на додадена вредност, а за што ќе биде издадена посебна фактура.

**9.7** На предвремено уплатена рата или на уплати по други основи односно претплати не се пресметува камата, ниту пак тие се равалоризираат, а истите можат да се искористат за следните доспеани обврски и тоа по курсот на денот на нивното доспевање.

**9.8** Со пресметаната рата Корисникот на лизинг е обрзан да ги сноси и сите трошоци, посебни надоместоци и издатоци во врска со Договорот кои настануваат во моментот на склучување на договорот или во тек на неговото траење, а се одредени со интерен акт на Давателот на лизинг (Тарифник).

**9.9** Во трошоци спаѓаат: курсни разлики, трошоци настанати во врска со обавувањето на услуги од страна на Давателот на лизинг во корист на Корисникот на лизинг, трошок за префактурирање на било кои финансиски обврски, доставување на опомени и други писмени известувања, договорни казни и слично, како што е одредено со интерните акти на Давателот на лизинг, а се на товар на Корисникот на лизинг.

**9.10** Во посебни надоместоци спаѓаат: надомест за измена на договорот по било која основа, репрограми, издавање на потврди, полномошна, копирање на документација, надомест за штета и слично, а се на товар на Корисникот на лизинг.

**9.11** Во издатоци спаѓаат сите плаќања во врска со Договорот и Предметот на лизинг кои се вршат во корист на трети лица, освен плаќањето на купопродажната цена. Во истите се вклучени фискални давачки, осигурување, банкарски трошоци, казни и други обесштетувања, патарини, мостарини, трошоци за нотар, адвокат, консултантски трошоци, проценител, вештак, агент за наплата на побарувања т.е други лица кои даваат стручна помош, а кои ги ангажира Давателот на лизинг, и сите трошоци поврзани со водењето на судски, управни или други административни постапки во врска со Договорот и предметот на лизинг. Сите овие издатоци се на товар на Корисникот на лизинг, а доколку Давателот на лизинг биде приморан истите да ги плати тогаш тој има право да си ги надомести т.е наплати од Корисникот на лизинг заедно со одреден надоместок за таквото дејствие.

**9.12** Давателот на лизинг за било кои од наведените трошоци, посебните надоместоци и издатоци наведени во членовите од 9.8 до 9.11 ќе издаде посебна фактура.

**9.13** Износите на севкупните трошоци (во понатамошниот текст: СВТ) вклучуваат, но не се ограничуваат на: главница, надомест за лизинг, данок на додадена вредност на надомест за лизинг, трошок за обработка, надомест за регистрација на предметот на лизинг во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

**9.14** Трошоци кои не се наведени во СВТ, а кои Корисникот на лизинг е должен да ги намирува, односно ќе биде задолжен да ги намири се: трошоци во врска со спроведување на Договорот (трошоци за регистрација на предметот на лизинг, трошоци за осигурување, трошоци за добивање на дозволи, уверенија, потврди и решенија од надлежни инстутуции/органи, нотарски трошоци, адвокатски трошоци, судски трошоци, извршни трошоци, трошоци за вештак, трошоци за проценител, трошоци согласно тарифа за услуги на деловните банки, трошоци во врска со осигурување на предметот на лизинг), трошоци за одземање на предметот на лизинг директно или преку ангажирање на друго лице, законска казнена камата, фискални давачки, надомест поради предвремена отплата на предметот на лизинг, надомест на штета која не е надоместена од осигурителното друштво и други побарувања по Договорот. Давателот на лизинг има право по слободен избор да одлучи дали било кои од наведените трошоци ќе се пресметаат во месечните плаќања/рати или пак за истите ќе издаде посебна фактура која Давателот на лизинг уредно ќе ја достави до Корисникот на лизинг по електронски пат или по пошта.

**9.15** Доколку каматната стапка од посебниот дел на Договорот не е фиксна за целото времетраење на финансискиот лизинг, Давателот на лизинг го задржува правото да врши пресметка, измена на каматни стапки, начин и периоди на пресметка на каматни стапки во рамки на дозволената висина на стапка на договорна камата согласно важечките законски прописи во Р. Северна Македонија, сето претходно на начин предвиден во оваа глава 9 со наслов: “Финансиски услови за лизинг”.

**9.16** Пресметката на променливата договорна камата ќе се врши според оценка на Давателот на лизинг, а имајќи го во предвид следното:
- За финансиски лизинг со плаќања во МКД, како референтна каматна стапка ќе се применува националната референтна каматна стапка што се дефинира како каматна стапка на денарски депозити без валутна клаузула која ја објавува НБРСМ. При пресметката на каматата ќе се земе во предвид националната референтна каматна стапка на НБРСМ последно објавена на 25-ти Декември а ќе биде важечка основа за пресметка на каматата за следните 6 месеци (01-ви Јануари до 30-ти Јуни), односно последно објавена на 25-ти Јуни а ќе биде важечка основа за пресметка на каматата за следните 6 месеци (01-ви Јули до 31-ви Декември),
- За финансиски лизинг со плаќања во ЕУР, како референтна стапка при пресметка на каматата ќе се земе во предвид стапката на шестомесечниот ЕУРИБОР важечка на 31-ви Декември која ќе биде основа за пресметка во периодот од следните 6 месеци по нејзиното објавување (01-ви Јануари до 30-ти Јуни), односно важечка на 30-ти Јуни која ќе биде основа за пресметка во следните 6 месеци по нејзиното објавување (01-ви Јули до 31-ви Декември),
- на референтната стапка од алинеите 1 и 2 од овој став, се додава маргина која се пресметува и определува во процентни поени од страна на Давателот на лизинг при склучување на договорот земајќи ги во предвид сите околности релевантни за таквата пресметка.

**9.17** За промената на каматната стапка поради промена на националната референтна стапка што ја објавува НБРСМ и шестомесечниот ЕУРИБОР, Корисникот на лизинг ќе се информира самостојно.

**9.18** По однос на било која референтна каматна стапка што се користи за пресметка на каматна стапка согласно овој Договор, договорните страни се согласни со следното:
- доколку надлежен орган / администратор / регулаторно тело / трето лице кое ја објавува референтната каматна стапка, објави јавно достапно известување или друг вид на информација дека референтната каматна стапка престанува да важи, или престанува да се формира, или се укинува односно нема повеќе да биде репрезентативна, како и доколку од било кои причини референтната каматна стапка повеќе не може да се користи за пресметка на каматна стапка, договорните страни се согласни Давателот на лизинг да определи друга алтернативна референтна каматна стапка која смета дека е најсоодветна на предвидената во овој Договор, а е применлива на соодветниот финансиски пазар (домашен или меѓународен) во моментот на престанокот на можноста за користење на референтната каматна стапка предвидена во овој Договор;
- како момент на започнување со примена на новата референтна стапка се смета настанувањето на било кој од случаите од алинеја 1 од оваа точка, а договорните страни се согласни известувањето за примена на новата референтна каматна стапка Давателот на лизинг да го достави до другата договорна страна преку кое било комуникациско средство со кое се остварува деловната врска.

**9.19** Доколку Корисникот на лизинг уплати поголем износ на месечно плаќање/рата, односно уплати износи што не се пристигнати (достасани), потребно е во рок од 5 (пет) дена писмено да го извести Давателот на лизинг за намената на повеќе уплатените средства и нивното евидентирање кај Давателот на лизинг.

**9.20** Доколку Корисникот на лизинг не го извести Давателот на лизинг согласно точка 9.19, во таков случај Давателот на лизинг има право да го евидентира поголемиот износ на уплата во системската евиденција и истиот да се искористи за затварање на доспеаните побарувања според нивната старост. Давателот на лизинг нема да пресметува и плаќа на Корисникот на лизинг камата на повеќе уплатениот износ на парични средства.

**9.21** Доколку, по преземањето на предметот на лизинг од страна на Корисникот на лизинг, дојде до зголемување на даночните обврски, каматните стапки и останатите давачки/трошоци по основ на овој Договор споредено со обврските и трошоците при склучување на овој Договор, во таков случај договорните страни се согласни висината на месечната рата да биде усогласена со настанатите промени. Сите останати околности кои би можеле да влијаат на правата и обврските на договорните страни, кои не се предизвикани од страна на Давателот на лизинг, а се определиви (промена на прописи, мерки на надлежни органи, зголемување на набавната вредност на предметот на лизинг по склучување на Договорот, а пред испорака на предметот на лизинг и др.) и ги зголемуваат обврските на Давателот на лизинг претставуваат основа за соодветно усогласување на месечните плаќања/рати, но максимум за 30%. При ваквото усогласување не е потребно да се склучи анекс кон Договорот, а Давателот на лизинг писмено ќе го извести Корисникот на лизинг за наведените промени. Доколку наведеното усогласување би довело до зголемување на месечното плаќање/рата за повеќе од 30%, договорните страни на основа на настанатите промени ќе склучат анекс кон Договорот, а доколку нема согласност, Договорот може да се раскине еднострано од било која од договорните страни. Во случај на барање за раскинување на Договорот од страна на Корисникот на лизинг по овој основ, Корисникот на лизинг е должен да ги подмири

сите доспеани, а неплатени обврски по овој Договор во целост и доброволно да го врати предметот на лизинг на начин предвиден во овој Договор.

**9.22** Каматната стапка е варијабилна, пресметана како збир од 6 (шестмесечен) ЕУРИБОР и каматна маргина на годишно ниво. Официјални извори за објава на ЕУРИБОР стапките се European Monney Market Institute (EMMI), Global Rate Set Systems LTD(GRSS), Thomson Reuters и останати овластени обезбедувачи на услуги од EMMI. Доколку стапката на Еурибор има вредност под нула, ќе се смета дека изнесува нула. Усогласувањето на каматната стапка од Давателот на лизинг ќе се врши на шестмесечна основа и тоа на 1 јануари и на 1 јули секоја година согласно стапката на 6 (шестмесечниот) ЕУРИБОР важечки два дена пред последниот ден од претходното полугодие (31.12, односно 30.06). Предметното усогласување не се смета за измена или дополнување на договорот, односно за истото усогласување не е потребна согласност од Корисникот на лизинг и за истото нема да се сочинува Анекс кон Договорот.

**9.23** Неможност или ограничена можност за употреба на предметот на лизинг, без оглед на причината, како и можни приговори од Корисникот на лизинг на пресметката на месечните плаќања/рати и останатите трошоци, не можат да бидат причина за неисполнување на месечните плаќања/рати во роковите на нивното пристигнување.

**9.24** На сите пристигнати (достасани), а неплатени обврски по месечните плаќања/рати, сметано од денот на достасувањето па сè до денот на конечна исплата, Давателот на лизинг пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи.

**9.25** Доколку Корисникот на лизинг доцни со плаќањето на било која обврска по основ на Договорот повеќе од 15 дена, Давателот на лизинг ќе започне со процес на опоменување. Опомените ќе се доставуваат по електронски пат или пошта до Корисникот на лизинг на адреси дадени од Корисникот на лизинг, а евидентирани во системот на Давателот на лизинг за меѓусебна коресподенција.

Доколку Корисникот на лизинг во дополнителен рок од 15 дена (со букви: петнаесет дена) од денот на испраќањето на првата Опомена не ги подмири своите обврските, Давателот на лизинг на истиот начин ќе ја испрати и втората Опомена. Доколку Корисникот на лизинг и покрај втората Опомена не ги исполни своите обврски од Договорот, Давателот на лизинг ќе испрати и трета Опомена. Во колку Корисникот на лизинг не постапи и по третата опомена, Давателот на лизинг може да пристапи кон постапка за раскинување на Договорот. Опомените ќе бидат доставувани во интервали на секои 15 дена, почнувајќи од првото задоцнување од 15 дена.

**9.26** Корисникот на лизинг е согласен сите трошоци кои ќе настанат во врска со остварување на побарувањето на Давателот на лизинг ( судски, вонсудски, адвокатски, нотарски трошоци, трошоци за вештачење, враќање на Предметот на лизинг, трошок за наплата на побарување и слично) да ги сноси на свој терет.

**9.27** Доколку по мислење на Давателот на лизинг постои опасност од задоцнување или проневера во плаќањето, тој или негов полномошник се овластени без претходна најава да го одземат Предметот на лизинг од Корисникот на лизинг при што истото нема да се смета за вознемирување во владеењето на Корисникот на лизинг и истиот нема право на самопомош и тужбено барање кон Давателот на лизинг по таа основа.

**9.28** Побарувањата на Давателот на лизинг по основ на овој Договор, по враќањето на предметот на лизинг кај Давателот на лизинг, ќе бидат утврдени во конечната пресметка изготвена од страна на Давателот на лизинг. Доколку Корисникот на лизинг не ги плати преостанатите побарувања на Давателот на лизинг во рамки на рокот за плаќање утврден во конечната пресметка, Давателот на лизинг ќе поведе постапка за присилна наплата на своите побарувања по Договорот.

**9.29** Корисникот на лизинг има право на предвремена отплата на предметот на лизинг по истек на една година од денот на склучување на Договорот или во рок предвиден согласно Законот за лизинг. Во случај Корисникот на лизинг да го користи правото на предвремена отплата на предметот на лизинг, истиот е должен во целост да ги исплати и севкупните доспеани побарувања на Давателот на лизинг, како и надомест во износ од максимум 4% од недоспеаната главница по Договорот, поради предвремено раскинување на Договорот. Условите на предвремената отплата на предметот на лизинг, како и преостатаните парични побарувања, договорните страни ќе ги уредат писмено со склучување на Спогодба за предвремено раскинување на Договорот, а врз основа на претходно писмено барање за предвремен откуп поднесено од страна на Корисникот на лизинг и прифатливо за Давателот на лизинг.

## 10. ГАРАНТ ПЛАТЕЦ (СОЛИДАРЕН ДОЛЖНИК)

**10.1** Секој Гарант-платец му одговара на Давателот на лизинг како главен должник за вкупните обврски по овој Договор по било кој основ и Давателот на лизинг може да бара нивно исполнување било од главниот должник, било од гарантот-платец или од двајцата истовремено.

**10.2** Давателот на лизинг може да ги адресира сите важни известувања во врска со овој Договор на Корисникот на лизинг и/или на Гарантот-платец по свој избор. Притоа се смета дека секое известување кое го има примено Корисникот на

лизинг или Гарантот-платец има важност и за Гарантот-платец и за Корисникот на лизинг.

**10.3** За одговорноста за исполнување на договорените обврски од страна на Гарантот-платец се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи на Република Северна Македонија.

## 11. СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ ВРЗ ПРЕДМЕТОТ НА ЛИЗИНГ

**11.1** По истек на времетраењето на Договорот и исплата на последната рата или во случај на предвремено исполнување на обврските од овој Договор од страна на Корисникот на лизинг, Давателот на лизинг ќе го повика Корисникот на лизинг да склучат договор за купопродажба на предметот на лизинг, со кој ќе се пренесе правото на сопственост врз предметот на лизинг на Корисникот на лизинг под услов Корисникот на лизинг претходно уредно да ги намирил сите свои обрски согласно Договорот.

**11.2** Трошоците и даночните обврски за пренос на правото на сопственост над предметот на лизинг паѓаат на товар на Корисникот на лизинг.

## 12. ВРАЌАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ЛИЗИНГ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕДВРЕМЕНО РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**12.1** Во случај на предвремено раскинување на Договорот, Корисникот на лизинг е должен на свој трошок и ризик да го врати предметот на лизинг на Давателот на лизинг. Местото и времето на враќање на предметот на лизинг ги определува Давателот на лизинг.

**12.2** Корисникот на лизинг е должен предметот на лизинг да го врати на Давателот на лизинг во уредна состојба со степен на искористеност што може да се очекува согласно нормална и вообичаена употреба на предметот на лизинг, со комлетна документација, докази за сервисирање и клучеви. Во спротивно Корисникот на лизинг е должен да ја надомести севкупната штета која ќе биде проценета од страна на проценител настаната со намалување на вредноста на предметот на лизинг. Трошоците за проценка на предметот на лизинг се на товар на Корисникот на лизинг, а ќе бидат утврдени со конечна пресметка која ќе биде испратена од страна на Давателот на лизинг на Корисникот на лизинг.

**12.3** При враќање на предметот на лизинг, договорните страни ќе сочинат Записник за враќањето на предметот на лизинг во кој ќе се утврдат материјалните недостатоци на предметот на лизинг.

**12.4** Доколку Корисникот на лизинг неосновано одбие да го потпише Записникот за враќање на предметот на лизинг, Давателот на лизинг самостојно ќе го потпише Записникот и ќе го констатира одбивањето, а предметот на лизинг ќе го одземе од Корисникот на лизинг и тоа директно, преку ангажман на друго лице или по присилен пат согласно важечките прописи во Република Северна Македонија.

**12.5** За целото времетраење на Договорот, Корисникот на лизинг и трети лица овластени од негова страна, врз основа на претходна согласност од Давателот на лизинг, се обврзани во предметот на лизинг да не чуваат вредни предмети, парични средства, доверлива или било каква друга битна документација која не е поврзана со користење на предметот на лизинг.

**12.6** При враќање на предметот на лизинг на Давателот на лизинг од страна на Корисникот на лизинг или од него овластени трети лица, или негово присилно одземање, Корисникот на лизинг нема право на никакви побарувања врз основа на член 12.5 и согласно тоа се одрекува од било какви тужбени барања и барања за обештетување од Давателот на лизинг.

**12.7** Доколку Корисникот на лизинг не го врати предметот на лизинг на договорениот начин, Давателот на лизинг има право на трошок и ризик на Корисникот на лизинг да организира враќање на предметот на лизинг и издавање нови документи и клучеви. Во таа смисла, Давателот на лизинг има право да пристапи и кон присилно одземање на предметот на лизинг лично или преку овластено лице од негова страна, без претходна најава на Корисникот на лизинг.

**12.8** Во случај на одземање на предметот на лизинг, Корисникот на лизинг се обврзува на Давателот на лизинг или на овластеното лице од негова страна да му обезбеди слободен пристап до предметот на лизинг и да не да ја попречува постапката за одземање на предметот на лизинг.

**12.9** Непостапувањето согласно точка 12.8 претставува противправно однесување на Корисникот на лизинг, кое повлекува негова кривична одговорност за вршење кривични дела против имотот на Давателот на лизинг. Давателот на лизинг, во овој случај на непостапување на Корисникот на лизинг согласно точка 12.8 исто така ќе смета дека истиот го отуѓил предметот на лизинг и дека со тоа предизвикал кривични и материјално правни штетни последици по Давателот на лизинг за што тој е овластен без одложување да ги превземе сите дејствија пред надлежните државни органи и да поднесе кривична пријава за кривично дело кражба и/или затајување.

**12.10** Во случај на предвремено раскинување на Договорот, целокупниот долг врз основа на Договорот се смета за доспеан. Во случај на предвременото раскинување на Договорот, Давателот на лизинг ќе ги пресмета дотогаш извршените месечни плаќања/рати (главен долг и надомест на лизинг) и сите плаќања по други основи, како и доспеаните и недоспеаните, а

ненаплатени побарувања кои вклучуваат: 1) севкупно настанати трошоци по основ на Договорот, 2) доспеаните, а ненаплатени побарувања на име законска казнена камата и договорна камата, 3) доспеаните, а ненаплатени побарувања на име главен долг по основ на Договорот, 4) евентуално утврдените разлики помеѓу книговодствената вредност утврдена на денот на раскинување на Договорот и проценетата вредност на предметот на лизинг утврдена од страна на овластен - проценител определен од страна на Давателот на лизинг на денот на раскинување на Договорот и 5) сите останати побарувања (надомест на штета и сл.) на основа на што ќе се состави конечна пресметка.

**12.11** Утврдувањето на состојбата / проценката на предметот на лизинг се правно обврзувачки за двете договорни страни, а Корисникот на лизинг е должен на Давателот на лизинг да му ја надомести секоја разлика во вредноста која ќе биде утврдена со проценката.

**12.12** Износот утврден со конечната пресметка, Корисникот на лизинг ќе го плати по основ на посебна фактура издадена од Давателот на лизинг во рамки на наведениот рок.

**12.13** По истек на рокот за плаќање на фактурата од точка 12.12, доколку истата не биде доброволно платена од страна на Корисникот на лизинг, Давателот на лизинг е овластен да поведе постапка за присилна наплата на своите побарувања и користење на средства за осигурување на плаќањата обезбедени од страна на корисникот на лизинг и Гарантот во Договорот.

## 13. ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ

**13.1** Договорот престанува во следните случаи:
- со целосно исполнување на обврските на договорните страни;
- со предвремено еднострано раскинување на договорот од страна на Давателот на лизинг;
- со пропаѓање на предметот на лизинг (тотална штета);
- со смрт на физичкото лице – Корисник на лизинг, доколку нема правен следбеник кој ги задоволува критериумите да го преземе/продолжи лизингот.

**13.2** Во случај на престанок на правно лице – Корисник на лизинг, Давателот на лизинг е овластен да го одземе предметот на лизинг лично или преку овластено лице од негова страна и да поведе постапка за присилна наплата на доспеаните, а ненаплатени побарувања, кои вклучуваат: месечни плаќања/рати, договорна камата, законска казнена камата и другите трошоци по Договорот.

**13.3** Со предвремено еднострано раскинување на договорот од страна на Давателот на лизинг престанува и правниот основ Корисникот на лизинг да го држи во владение предметот на лизинг.

## 14. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**14.1** Давателот на лизинг може по писмен или електронски пат да го раскине Договорот преку претходно известување на Корисникот на лизинг во рок не пократок од 5 работни дена. Давателот на лизинг има право предвремено еднострано да го раскине Договорот и да бара веднаш да биде вратен предметот на лизинг, во било кој од следните случаи:
- Корисникот на лизинг не извршил плаќање на две последователни месечни плаќања/рати (главен долг и надомест за лизинг), плаќањата ги врши ненавремено или плаќањата ги врши во нецелосен износ; како и со неплаќање на било кои поединечни други обврски од Договорот во дадени рокови и покрај опомени и евентуално одобрени дополнителни рокови;
- Корисникот на лизинг го пренел правото на користење на предметот на лизинг на трето лице без претходна писмена согласност од Давателот на лизинг;
- Корисникот на лизинг не го осигура предметот на лизинг, а бил должен да го стори тоа;
- Давателот на лизинг разумно оцени дека постои опасност предметот на договорот за лизинг, без претходна согласност да се изнесе надвор од Република Северна Македонија или постоел обид да се стори тоа;
- Доколку Давателот на лизинг утврди дека Корисникот на лизинг несовесно и недомаќински го користи предметот на лизинг;
- Корисникот на лизинг неосновано одбива да го преземе предметот на лизинг;
- Корисникот на лизинг без согласност од Давателот на лизинг ја менува намената и својствата на предметот на лизинг;
- Корисникот на лизинг го користи предметот на лизинг спротивно на одредбите од овој Договор;
- Доколку Корисникот на лизинг не му овозможи на Давателот на лизинг да ја провери состојбата на предметот на лизинг;
- Доколку во текот на прегледот на Предметот на лизинг од страна на Давателот на лизинг или од него овластени трети лица се утврди дека Предметот на лизинг не е во уредна состојба која одговара на вообичаено и редовно користење и истиот е на било кој начин е оштетен;
- Корисникот на лизинг дал нецелосни и невистинити податоци за своите приходи или имотна состојба (вклучувајќи ги и информациите за гарант-платец), носител на јавна функција и информациите дадени за потребите на ЗСППФТ заради добивање на лизинг услугата;
- Ако од било кои причини инструментите за осигурување на плаќањето на обврските врзани

за овој Договор станат недоволни односно изгубат на сила/важност, а на барање на Давателот на лизинг, Корисникот на лизинг не достави соодветни заменски инструменти за осигурување на плаќањето;

- Ако Корисникот на лизинг ја промени адресата односно престојувалиштето и притоа не го извести Давателот на лизинг;
- Ако корисникот на лизинг или гарантот станат платежно неспособни;
- Против Корисникот на лизинг биде поведено извршување од трето лице - доверител заради присилна наплата на побарување, односно биде поднесен предлог за отворање на стечај, ликвидација, постапка за бришење од трговскиот регистар на гарантот-платец ако е правно лице;
- Во случај на кражба / губење на предметот на лизинг, а истиот, во рок од 60 дена сметано од денот на пријавата на кражбата затајување/кривичното дело, не биде пронајден и вратен на Давателот на лизинг;
- Доколку во правното лице –гарант-платец дојде до промена во сопственичката структура или настанат статусни промени согласно Законот за трговските друштва без претходно известување до Давателот на лизинг и без добиена согласност од Давателот на лизинг;
- Доколку за времетраењето на Договорот без согласност од Давателот на лизинг, Корисникот на лизинг изврши промена на друштвото за осигурување каде се осигурал предметот на лизинг без претходна согласност од Давателот на лизинг и/или не ја продолжил полисата за осигурување по нејзиниот истек,
- Доколку со своите дејствија го загрозува правото на сопственост и владение на Давателот на лизинг над предметот на лизинг;
- Доколку Давателот на лизинг дознае за околности кои можат или можеле да доведат до неможност на Корисникот на лизинг за подмирување на неговите обврски по Договорот, а имајќи ја во предвид целокупната негова изложеност спрема Давателот на лизинг;
- Ако Корисникот на лизинг на било кој начин ги прекршува односно не ги почитува своите обврски определени со овој Договор;
- Во случај Корисникот на лизинг да има склучено повеќе Договори за лизинг со Давателот на лизинг, непостапувањето или ненавременото постапување по обврските по било кој од ваквите Договори- може да биде основа за раскинување на сите склучени Договори за финансиски лизинг';
- Причини определени со Законот за облигационите односи и Законот за лизинг и останатите важечки прописи.

Во колку биде исполнет било кој од погоре наведените основи за раскинување на Договорот, корисникот на лизинг е должен доброволно да го врати предметот на лизинг на Давателот на лизинг, а во спротивно Давателот на лизинг е овластен да го одземе предметот на лизинг, лично или преку овластено лице од негова страна. Доколку не успее да го одземе владението на горенаведениот начин, Давателот на лизинг има право да пристапи кон присилно одземање на предметот на лизинг преку извршител.

**14.2** Договорот се смета за раскинат во рок од 5 (пет) дена од денот кога Давателот на лизинг ќе му испрати на Корисникот на лизинг известување за раскнувањето во електронска форма на адреса доставена од Корисникот на лизинг или во писмена форма по пошта со препорачана пратка на адресата наведена во Посебниот дел на Договорот или во последното известување кое Корисникот на лизинг го дал за промена на адреса на живеалиште / престојувалиште / седиште.

**14.3** Правото на Корисникот на лизинг да го користи предметот на лизинг престанува со раскинување на Договорот, по што истиот е должен предметот на лизинг да го врати на Давателот на лизинг. Предметот на лизинг мора да биде вратен во исправна состојба, која ќе одговара на нормалната амортизација на предметот на лизинг, заедно со целата документација, клучеви и средства за деблокада (средства кои овозможуваат употреба на предметот на лизингот).

**14.4** Во случај на предвремено раскинување на Договорот, Давателот на лизинг ќе ги наплати 1) севкупно настанатите трошоци по основ на Договорот, 2) доспеаните, а ненаплатени побарувања на име законска казнена камата и договорна камата, 3) доспеаните, а ненаплатени побарувања на име главен долг и надомест за лизинг по основ на Договорот, 4) евентуално утврдените разлики помеѓу книговодствената вредност и проценетата вредност на предметот на лизинг од страна на овластен - проценител определен од страна на Давателот на лизинг, двете утврдени на денот на раскинување на Договорот и сите останати побарувања на Давателот на лизинг согласно овој Договор врз основа на кои ќе се состави конечна пресметка.

**14.5** При предвремено раскинување на договорот, Давателот на лизинг има право да да му го одземе Предметот на лизинг на Корисникот на лизинг и тоа без претходна најава.

**14.6** За наплата на побарувањата од точка 14.4 Давателот на лизинг има право да поведе постапка за присилна наплата, доколку Корисникот на лизинг истите не ги плати доброволно во рамки на дадениот рок со конечната пресметка.

**14.7** Во случај на предвремено раскинување на Договорот, платеното учество не се враќа на Корисникот на лизинг, а не му се враќаат ниту износите на извршени плаќања по било кој основ од страна на Корисникот на лизинг во полза на Давателот на лизинг до денот на раскинување на Договорот. Во таа смисла, извршените

месечни плаќања/рати од страна на Корисникот на лизинг ќе се сметаат како надомест за користење на предметот на лизинг.

**14.8** Во случај на раскинување на договорот, на Корисникот на лизинг му се пресметува и трошок за раскинување на Договорот и тоа до максимум 4% од вредноста на истиот на денот на раскинувањето, а кој износ ќе биде зголемен за износот на Данокот на додадена вредност.

**14.9** Во случај на одземање на предметот на лизинг како и во случај на раскинување на Договорот, Корисникот на лизингот се обврзува на Давателот на лизинг и/или на трети лица ополномоштени од негова страна да им овозможи слободен пристап до Предметот на лизинг, дека нема да се противи при повратот на истиот како и дека се одрекува од правото на поднесување на тужба поради нарушено владение и дека нема право на било каква самопомош при превземање/поврат на Предметот на лизинг од страна на Давателот на лизинг или од него овластени лица.

**14.10** Корисникот на лизинг се обврзува да го плати износот на штета поради предвременото раскинување на договорот, а при тоа Давателот на лизинг за оваа цел на наплата може да ги искористи постоечките инструменти за осигурување на плаќањето.

**15. ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**15.1** Корисникот на лизинг е должен веднаш, а најдоцна во рок од 5 (пет) дена по писмен пат да го извести Давателот на лизинг во случај на:
-промена на својата и материјална ситуација на Гарантот-платец;
- отпочнување на стечајна или ликвидациона постапка над гарантот-платец;
-промена во сопственичката структура, статусни промени и контакт податоци кај Корисникот на лизинг и Гарантот/платец.

**15.2** Гарантот-платец е должен по барање на Давателот на лизинг да му ги доставуви своите финансиски извешаи и останата документација која ја доставува до ЦРРСМ.

**16. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**16.1** Давателот на лизинг има право да ги отстапи во целост или делумно правата и обврските од Договорот на трети лица.

**16.2** Корисникот на лизинг без претходна писмена согласност од Давателот на лизинг не смее да ги отстапи своите права и обврски по Договорот на трети лица.

**16.3** Корисникот на лизинг го овластува Давателот на лизинг во остварувањето и заштитата на било кое свое право од Договорот и/или наплатување на побарувањата на Давателот на лизинг истиот да има право да ополномошти трето лице и со тоа се обврзува како Корисник на лизинг да ги надомести сите трошоци во врска со истото.

**16.4** Корисникот на лизинг и секој Гарант-платец се согласни Давателот на лизинг да ги обработува нивните лични податоци во онаа мера која е потребна за исполнување на овој Договор, вклучително и да го контактира Корисникот на лизинг и Гаратот-платец заради ажурирање на наплатата на побарувањето од страна на овластено лице од Давателот на лизинг и/или лице овластено од него кое има склучено Договор за соработка со Давателот на лизинг. Воедно, со склучување на овој Договор Корисникот на лизинг и секој Гарант-платец даваат согласност за пренос на податоци за целите на отстапување на побарувањата на Давателот на лизинг на трето лице.

**16.5** Корисникот на лизинг и Гарантот/ите изрично дозволуваат, за потребите на Договорот за лизинг и во врска со него, да се врши собирање, употреба и обработка на нивните единствени матични броеви на граѓанинот, односно нивните лични и статусни податоци, т.е во другите евиденции во земјата и во странство во рамки на НЛБ Групацијата, како и проверката на податоците пред надлежните државни и други јавни органи, а што вклучува и проследување на податоците до наведените трети лица.

**16.6** Давателот на лизинг гарантира дека обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци на Корисникот на лизинг и Гарантот/тите, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка, како и заштита од случајно губење, уништување или оштетување, со примена на соодветни технички и организациски мерки кои ја гарантираат доверливоста на податоците.

**16.7** Договорните страни изјавуваат дека ги прочитале одредбите на Договорот, односно нивното разбирање и прифаќање го потврдуваат со потпис на Договорот за лизинг.

**16.8** Сите писма упатени до Корисникот на лизинг, односно Гарантот/ите од страна на Давателот на лизинг се сметаат за врачени кога Давателот на лизинг ќе му ги испрати на Корисникот на лизинг/Гарантот во електронска форма на адреса доставена од Корисникот на лизинг или во писмена форма по пошта со обична пратка на адресата наведена во Договорот или во последното известување кое Корисникот на лизинг, односно Гарантот/ите ги дале за промена на адреса на живеалиште/ престојувалиште / седиште.

**16.9** Во случај било која одредба од Договорот да е или стане ништовна, истата ќе се смета за одвоена од другите и нема да има влијание врз полноважноста на другите одредби, се додека главната цел на Договорот може да биде исполнета, а Давателот на лизинг со тоа се согласил.

**16.10** За сè што не е регулирано со Договорот се применува Законот за лизинг, Законот за облигационите односи, Законот за стечај и

останатите позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

**16.11** Во случај на евентуален спор околу Договорот за лизинг, договорните страни ќе вложат напор истиот да го решат спогодбено, во спротивно надлежни за решавање на сите спорови кои ќе произлезат од Договорот ќе бидат судовите во Скопје.

**16.12** Корисникот на лизинг и секој Гарант - платец со потпишување на Договорот, потврдуваат дека го прочитале Договорот за лизинг со сите негови составни делови и прилози и дека безусловно ги прифаќаат сите права и обврски кои што произлегуваат од истиот.

**16.13** Измените и дополнувањата на Договорот за лизинг, договорните страни ќе ги направат во писмена форма која што е услов за нивната полноважност. Усогласувањето на висината на износот на лизинг рата и другите плаќања кои што произлегуваат од Договорот и се базираат на определиви параметри, поради промени во девизниот курс, промена на валутата на плаќање, условите за рефинансирање, на каматна стапка, не се сметаат за измена и дополнување на Договорот и за таквото усогласување не е потребна согласност на Корисникот на лизинг.

**16.14** Овие Општи услови се важечки од 08.05.2023 година па во иднина.

**Скопје, 05.05.2023 година**

**Давател на лизинг**
**НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје**

______________________________

______________________________

______________________________

**Корисник на лизинг**

______________________________

**Гарант/платец**